Зоран НАЦЕВ

# ЧОВЕКОВАТА ПРИРОДА КАКО ПРИЧИНА ЗА ВОЈНА

## *Основи на парадигмата за човековата природа како причина за војна*

Во трудот се посочени основните теоретски погледи кои во фокусот ја имаат човековата природа како основна причина за војната. Имено, голем број теоретичари сметаат дека, заради несовршеноста на човечкото суштество и на односите помеѓу поединци и заедници, доаѓа до судири и конфликти. Оттука, во рамките на проучувањето на оваа проблематика, се дадени основни, репрезентативни видувања и теоретски образложенија за причините за војната и мирот, можни начини за надминување на проблемот како и критики на теоријата.

## *Теоретски образложенија*

Импозантен број трудови што ја третираат проблематиката на општествените судири, како лајт мотив за објаснување на војната и мирот, ја преферираат човековата природа, односно човековата психа и однесувањето. Во основата на многу анализи фокусирано е тврдењето дека несовршеноста на човекот е основната причина за војната. Се нагласува дека случувањата на светската сцена се резултат на силите што ѝ се својствени на човековата природа и не можат да се одвојат од луѓето кои нив ги предизвикале, при што војната, како најдеструктивна димензија на човековото однесување произлегува од вкоренетата воинствена природа на човекот. Според дел од нив, човекот не може да дејствува спротивно од таа природа, која не може да ја промени ниту, пак, своите агресивни пориви може да ги потисне. Во најдобар случај, поривите можат да бидат на определен начин пренасочени. Човековата несовршеност и фундаменталната трансформирана агресивност на човечките суштества во и низ групен (заеднички) живот се причини за насилство и војна. Страста е таа што го разорува умот и затоа луѓето кои од сопствен интерес би сакале да соработуваат меѓусебно во совршена хармонија, се впуштаат во бес-

крајни караници и физички насилства. Во оваа смисла, Кант истакнува дека од една страна се припадниците на светот на чувствата, а од друга - на разбирањето. Токму поради припадноста на првиот сегмент, истакнува Кант, импулсите и наклоностите надвладуваат над разумот, така што во природна состојба владеат судирот и насилството. Русо, во однос на ова прашање, беше уверен дека човечките суштества ретко дејствуваат врз темелите на разумот, туку дека најчесто се раководат од чувствата. Често се сретнуваат тврдења дека човековата злоба и неумесното однесување водат кон војна.

За разлика од другите, **биолозите** се обидуваа да проникнат во суштината на проблемот на војната и мирот преку проучувањето на воинствените форми на однесувањето кај животните и на комплексните облици на таквото однесување кај човекот. Тие истакнуваат дека кај животните, кои се најблиску до човекот, поривот за доминација е обично во основата на борбата. Но, тие потенцираат дека и покрај постоењето на некои незадоволени потреби, за да се нападне друга единка потребна е агресивност, при што агресивните нагони кај човекот, велат тие, се резултат на една еволуција што ги потенцирала карактеристиките на човекот како воинствено животно. Притоа, агресивното однесување се манифестира како последица на стекнатите, позитивни или негативни искуства. Меѓу другото, борбеноста или склоноста кон агресија варира по однос на полот, возраста и од поединец до поединец. Опсежните истражувања кои во фокусот го имаа однесувањето на животните, доведоа до заклучоци дека агресивноста е основен дел на живите суштества, па и на човекот. Наоѓајќи аналогија меѓу однесувањето на човекот и животните, современиот биолог Хориц оди дотаму што констатира дека целокупната човекова историја може да се објасни со биолошки и психолошки детерминанти, односно дека природните инстинкти се непроменливи и всушност не постојат изгледи човекот од сопствениот живот да го исклучи деструктивното однесување, убивањето и уништувањето. Дали тоа значи дека војната е биолошка фаталност за човечкиот род, еден вид физиолошка предиспозиција? Оние кои сакаат да веруваат во тоа значи дека се готови да ги оправдаат најголемите злосторства што се вршени или кои можат да се случат. Ни се чини дека поприфатливо би било тврдењето дека денешниот човек, во постојниот социјален поредок, не наоѓа

доволен сет на прифатливи форми за празнење на неговите агресивни импулси, при што одредени извори на фрустрацијата можат да доведат до појава на деструктивно насилство.

Одделни научници тврдат дека **борбата за моќ,** односно поривот за моќ што е вграден кај луѓето, е причина за конфронтирање и насилство, едноставно затоа што луѓето посакуваат одделни работи (предмети, погодности, состојби и слично), а не затоа што во нивните желби постои некое зло. Ј. Милер вели дека игнорирањето на желбите, настојувањата и особините на други народи води кон страв и е една од првите причини за агресија. Раширено е мислењето дека поголемото разбирање меѓу народите значи и поголема шанса за мир. Други, пак, тврдат дека војните избувнуваат затоа што луѓето нив ги очекуваат и за таа цел се подготвуваат, за денот кога нивните водачи ќе ги поведат во воен поход. Веројатно дека фактот што историското минато на човештвото е исполнето со долги периоди на војни, за сметка на мирот, кај човекот создал предиспозиции за размисла од таков фаталистички тип.

Многумина ја поддржуваат тезата дека проблемот на војната и мирот е во рацете на раководствата и **лидерите** кои се најодговорни за меѓународната политика и за политиката на својата земја. Доаѓањето на власт на психолошки нестабилни поединици, избрани врз основа на моментни емоции на електоратот, политички манипулации или историска случајност, значи реинкарнација на разни Хитлери, Мусолиниевци, Садами и сл. Имено, психичките изопачувања кај лидерите и народите можат да создадат изопачувања и стереотипи во политичките перцепции што тие ги имаат. Политиката на државниците, како и интересите и постапките, се производ на симбиозата меѓу темпераментите, искуството, разумот и нагоните. Самото практикување на политиката е под силно влијание на замислите што ги имаат политичарите. Во овој контекст и Ласвел се обидуваше Фројдовата психоаналитичка парадигма да ја примени врз мотивационите процеси на политичките и идеолошките лидери. Имено, психоаналитичката метода е со амбиција да демонстрира заклучок дека одлуките на политичките водачи водат потекло од извесни потсвесни и ирационални состојби, односно се под влијание на несвесните делови од нашата психа врз нашите мотивации.

Во рамките на оваа теорија, раширено е мислењето дека изворите на судири не се толку во човековиот ум, ами во природата на

општествените состојби и активности. Монтескје, Русо, Спиноза и Кант изведуваат заклучок дека проблемот не е кај актерите туку во **ситуациите** со кои тие се соочени. Се тврди дека со луѓето во природна состојба управуваат „инстинктите", „физичките импулси" и „правото на желба", а слободата е ограничена само со силата на поединецот. Штом човекот ќе влезе во општествена состојба, тој го губи чувството за својата слабост, еднаквоста престанува, почнува состојба на војна. Иако човековата природа е во основа мирољубива, таа во општеството се преобразува во воинствена. Преминот од природна во граѓанска состојба, вели Русо, предизвикува мошне значајни промени кај човекот. Така, правдата ги заменува инстинктите на неговото однесување, давајќи им притоа моралност на неговите дела, која порано им недостасуваше. Кога човекот влегува во граѓанска состојба, се напушта природната слобода, таа станува граѓанска слобода, а поседувањето се трансформира во сопственост. Институтот на приватна сопственост предизвикува отуѓување на луѓето од нивната првобитна слобода и среќа и ги прави поткупливи. Со тоа се создаваат нееднаквости, класна раслоеност, се инаугурира правото базирано на сила, а владејачката елита ја зголемува својата моќ по пат на војна.

Пред воспоставувањето на општество луѓето не ги имаа развиено недостатоците какви што се гордоста и зависта, бидејќи во раната фаза на природна состојба биле дисперзирани на широк простор. Ако некогаш случајно би дошле во контакт, свеста за слабоста и немоќта ги наведувала да се откажат од меѓусебно напаѓање. Како што се зголемувал бројот на населението, во комбинација со природните несреќи и катастрофи, соработката станувала потребна, но доаѓало и до судири. Недовербата и непосредниот интерес надвладувал над обѕирите дури и во ситуации на некоја заедничка акција за која било постигната слога околу целта и интересот за остварување на некој ангажман. Кога луѓето би биле совршени, нивната совршеност би се одразувала во сите нивни проценки и дела, а секој би можел да се потпре врз однесувањето на другите. Толкувањата на одделните дела сè уште мора да се набљудуваат низ призма на мотивацијата и околностите.

Ги изложивме накусо главните сегменти на толувањата сврзани за човековата природа како основен извор на доброто и злото, односно

како причини за насилство и војна. Но, да видиме какви сè решенија се нудат за да се отстранат, елиминираат или канализираат човековите пориви во функција на мирот.

## *Рецепти*

Ако човекот е примарна и единствена причина за војната, елимирањето на војната и судирите мора да се оствари со подобрување и ремонтирање на луѓето. Во оваа смисла варираат рецептите како тоа да се оствари. Но, на сите нив заедничка им е идејата дека луѓето мора да се променат ако сакаат да живеат во еден мирољубив свет. Согласноста дека промената на човековата природа го решава проблемот, упатува, меѓу другото, на барање за промени што ќе ги зафатат морално-интелектуалните стојалишта и психо-социјалните однесувања и приспособувања.

Некои лекот за војната го гледаат во едуцирањето бидејќи сметаат дека недостигот на знаења е причина за многу тешкотии. Други на тоа додаваат дека интелектуалниот развој не е доволна потпора за елиминирање на судирите, па ги повикуваат народите да го заменат егоизмот со дух на пожртвуваност, соработка и доверба. Бернард Расел претпоставките за мир ги гледаше во опаѓањето на посесивните нагони, а според други, зголемувањето на шансите за мир се наоѓаат во канализирањето на енергијата која моментно се троши во деструктивното лудило на војната, а не во барањето за промена на нагоните. Многумина истакнуваат дека средишен проблем на светскиот мир е во минимизирањето и канализирањето на агресивните импулси. Заради светскиот мир се наметнува потреба од уредување на сопствениот дух бидејќи без ментално здравје нема мир.

Подеднакво е раширено мислењето дека подоброто општествено приспособување на поединецот преку намалување на фрустрациите и несигурноста, како и подобрувањето на општествените анагажмани што предизвикуваат напнатост, ќе ја намалат зачестеноста на војната.

Ако се погледне литературата на бихевиористичката наука која ја третира војната, ќе се најде зачудувачка, иако во основа разбирлива,

разновидност на проценетите причини и препорачаните „лекови“ за елиминирање на феноменот на војната, но и обесхрабрувачки и нереални сугестии. На пример, некои од нив се за преуредување на влезот во ООН, УНЕСКО и Советот за безбедност, така што делегатите ќе мораат да поминат преку детско игралиште одејќи на своите состаноци. Други веруваат дека мирот може да се унапреди ако жените ги заменат мажите во управувањето со државите. А како алтернатива на воената служба, се предлага регрутирање на млади луѓе во светот како морнари, градежни работници, мијачи на садови и слично.

Бидејќи војната започнува во човековата свест, се предлага одбраната на мирот да се изгради во свеста на оние луѓе што имаат најголемо влијание при одлучувањето за или против војната. Освен тоа, луѓето во чија ингеренција се крупните државни одлуки, би требало адекватно да бидат подготвени за предизвикот на функцијата и повнимателно избирани и со соодветни способности да дејствуваат на меѓународните текови.

Оние што го застапуваат мислењето дека карактерот на личноста се формира и произлегува од автохтониот амбиент и од наследните фактори, сметаат дека со промената на околината во која се развива нашиот непроменет наследен елемент, можно е да се промени карактерот на возрасната личност во функција на мирот. Очигледна е надежта и увереноста на дел од бихевиористичките научници дека можат да градат пристап кон појавите и процесите како што тоа се прави во природните науки, но очигледно е дека во тоа сè уште не успеале.

Она што го констатираат биологистите е дека агресивните реакции кај вишите примати се адаптивни и пластични и дека тие можат да се регулираат.

### *Критики на парадигмата*

Презентираните теоретски погледи биле, а и денес се изложени на сериозни критики на други психолошки школи, на социологијата, биологијата, неврофизиологијата, антропологијата, етнологијата и на

други научни дисциплини. Имено, човековата природа недвосмислено игра определена улога во избувнувањето на војната, но не може само по себе да се објасни тоа дека човекот некогаш се бори, а другпат не. Имено, човековата природа на некој начин можеби била причина за војната, но исто така била причина и за мир. Ако се сложиме дека е таа постојана, тогаш произлегува дека надежите за мир се залудни. Но, ако човековата природа е само една од причините за војна, тогаш дури и под претпоставка дека таа е постојана, можеме да ги бараме и истражуваме условите потребни за мир. На тоа нѐ наведува фактот дека луѓето во различни услови и ситуации се однесуваат различно, при што причините за тие разлики треба да се побараат некаде на друго место, а не само во човековата природа.

Слабостите до кои дошле некои истражувачи во етнологијата укажуваат дека агресивноста и конкуренцијата не постојат во некои култури како нивно битно обележје.

Истражувањата од поново време укажуваат дека теоријата на либидото на Фројд може да се однесува за една средина, додека наполно е неприменлива во некоја друга општествена средина; оти оваа теорија на инстинктите не се однесува на сите луѓе, што значи дека деструктивноста не е иманентна за човекот како природно суштество туку за човекот како продукт на определена средина. Тоа битно ја менува смислата и дострелот на Фројдовата теорија. Притоа, истражувачите се повикуваат на Фројд за кого сметаат дека дал најаргументирана и најисцрпна критика на инстинктивистичката теорија. Суштината на неговите гледања се засновува врз разликувањето на два вида агресија. Првиот вид е онаа што човекот ја споделува со сите животни, што филогенетски е зацврстена и дејствува автоматски во вид на напад или бегство во случај кога виталните интереси се загрозени. Нејзе ја нарекува дефанзивна или бенигна агресија и смета дека биолошки е адаптивна бидејќи ја снемува заедно со причините што ја предизвикале. Втората е деструктивна, малигна агресија, специфична за човекот, не е филогенетски зацврстена, не е биолошки адаптибилна и е цел сама за себе. Како заклучок, тој истакнува дека социјалните услови се тие што го определуваат изборот меѓу деструктивноста или соработката во однесувањето на човекот. Во оваа смисла

антрополозите потенцираат дека постојат големи разлики во агресивноста на примитивните човекови заедници кои произлегуваат и се во врска со степенот на општествената развиеност.

И во однос на моќта се наметнува прашањето од типот кога таа ќе биде или е највисока вредност, а кога само просто средство. Одговорите се, главно, од типот дека моќта дејствува повеќе како потенцијално корисно средство отколку како највисока вредност кон која луѓето се принудени да се стремат според својата природа. И пристапот што ја потенцира улогата на водачите наведува одделни истражувачи да се запрашаат: каков совет да им се даде во одделни ситуации и како ќе се обезбедиме во тоа - водачите на сите позначајни земји да се придржуваат кон нив. И едниот и другиот проблем се особено важни. Дел од научниците се прашуваат што значи и како да се дефинира зборот „добар“ поединец или „добри“ асоцијации на луѓе. На ова се надоврзува и дилемата дали разбирањето меѓу народите води кон мир или, пак, државите остануваат во мир токму поради тоа што не се разбираат. Секоја култура има свои вредности, заслуги и слабости и место да се стреми кон унификација на вредностите, патот би требало да води, сепак, кон разбирање на причините и вредностите на таа различност. Имено, искуството од минатите војни покажа дека блискиот културен афинитет не е гаранција против пролевањето на крвта, како што и поголемото знаење не секогаш било пат за подобро разбирање. Знаењето би требало да биде пат кон поголема толеранција, а различноста го чини светот подобар и повозбудлив за живеење.

Ако војните ги предизвикуваат незрелоста̀ и состојбите на стеснетост или, пак, неврозите и неприспособеноста, или фрустрациите со кои луѓето се соочуваат во процесот на социјализацијата или, пак, тоа е комбинација од сите три причини, и ако бихевиористичките научници навистина можат да ни речат што треба да се направи за да се отстранат тие причини, сѐ уште битката за мир не е добиена. Имено случувањата сврзани за војната и причините што бараат објаснување се толку многубројни и различни што човековата природа не може да биде единствена детерминанта. Меѓу другото, војната е, всушност, и општествена институција, а не само нужен производ на човековата

природа, што се докажува со фактот дека во некои општества војната е непозната појава. Тоа упатува на потреба од дополнителни анализи за да се пополнат и средат податоците до кои дошле психологијата, социологијата, биологијата и другите науки.

**Клучни зборови**: војна, човек, парадигма.

## Литература


1. Brzezinski, Z., *Out of Control*, New York, Charles Scrinbner's Sons, 1993
2. Buzan, B., *People, States and Fear*, Harve ster Wheatsheat, 1991.
3. Campen, A.D., ed., *The First Information War*, FAIRFAX, VA, AFCEA International Press, 1992
4. Chace, J., *The Conseqences of the Peace*, New York, Oxford University Press, 1992
5. Ditrich, F., *Nonmilitary Aspects of Security: A Sistems Approach UNDIR*, 1993
6. Фукујама Ф., *Крајот на историјата и последниот човек*, Култура, Скопје 1994
7. Гликсман, А., *Говор рата*, ВИНЦ, Београд, 1996
8. Гризо, Н. и Ристески, К., *Од историјата на воените идеи*, Култура, Скопје 1992
9. Hantington, S., *Sukob civilizacija i preustroj svetskog poretka*, Izvori, Zagreb, 1997
10. Holsti, K. J., *The State war and the state of war*, Cambrige University Press, 1996
11. Kennet, N.V., *Čovjek, država i rat - teorijska analiza*, Barbat, Zagreb, 1998
12. Luttwak E. and Stuart, K., *The Dictionary of Modern War*, New York, Harper Colins, 1991
13. Odom, W.E., *On Internal War*, Durham, NC, Duke University Press, 1992
14. Payne, K.B., *Missile Defense in the 21-st Century*, Boulder CO, Westview Press, 1991
15. Schelling, T., *The strategy of conflict*, Harvard University, Cembrige, Massachuseets, London, 1994
16. Toffler, A.A., *War and Antiwar*, New York, 1993
17. Vukadinović, R., *Postkomunistički izazovi evropskoj sigurnosti*, Grafotisak, Grude, 1997

## SUMMARY

Zoran NACEV

## BASES OF THE PARADIGM HUMAN NATURE AS A REASON FOR WAR

The work discusses the basic theoretical views, which focus on the Humana nature as a basic reason for war. Namely, many theorists claim that the imperfect nature of human beings and the relations between individuals and groups bad to confrontations and conflicts. Therefore, as part of study of this issue are presented some fundamental representative views and theoretical explanations for the reasons for war and peace, ways of solving this problem as well as criticisms of the theory.